ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**
***www.transparentnost-mk.org.mk***

# СООПШТЕНИЕ

## По повод интерпелацијата на Мирјана Димовска

***Транспарентност Македонија*** со жалење го констатира неуспешниот исход на интерпелацијата за претседателката на ДКСК, Мирјана Димовска, во Собранието на РМ. Владејачкото мнозинство не ги прифати аргументите за смена на г-ѓа Димовска, иако и ***Транспарентност Македонија*** постојано јавно бара отповикување на сегашниот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата, на чело со претседателка Мирјана Димовска. Ја потсетуваме јавноста дека овој состав на ДКСК го доживеа врвот на својата стручна, политичка и законска компромитација. Комисијата не реагира на извештаите на Државниот завод за ревизија, не реагира за бројните нерегуларности на кои посочуваат медиумите и невладините организации, не реагира на жалбите на странските инвеститори и домашните бизнисмени, не реагира на извештаите на странските институции кои го следат напредокот на државата во остварувањето на принципите на правната држава, борбата против криминалот и корупцијата и отчетното и одговорно владеење.

Истовремено, ***Транспарентност Македонија*** не е изненадена од ваквиот исход на гласањето во Собранието бидејќи ДКСК и г-ѓа Димовска со своето (не)работење пред сè служат за да им овозможат на луѓето од власта да ги продолжат своите политики и делувања во системот без отчет и транспарентност, а за кои постојат и основани сомневања дека се вршат со постојани и крупни злоупотреби и во сферата на трошењето на јавните пари. Во оваа смисла сакаме да потсетиме дека, покрај тоа што неколкугодишната компромитација на работата на ДКСК ја поткопува улогата на оваа важна институција во спречувањето на корупцијата и криминалот во општеството, таа го дезавуира и севкупното функционирање на правната држава во Македонија. Тоа нанесува долгорочна штета на интересите на граѓаните за развојот на демократското општество и подобрата живеачка во државата.

11 март 2010 г.

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА***